ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26),а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на
Програмата за активностите на Општина Велес
во областа на социјалната заштита во 2026 година

1. Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и 06/26):

- Во точка **1.СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА,** во колона Предвидени средства износот „2.561.000,00“ се брише и се заменува со износот „2.881.000,00“.

- Во потточка 1.1.„Еднократна парична помош на социјално загрозени семејства“ во колона Предвидени средства износот „1.800.000,00“ се брише и се заменува со износот „2.000.000,00“.
- Во потточка 1.2.„Еднократна парична помош за новороденче“, во колона Предвидени средства износот „500.000,00“ се брише и се заменува со износот „620.000,00“.

- Во точка **4.СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И НВО,** во колона Предвидени средства износот „300.000,00“ се брише и се заменува со износот „680.000,00“.

- Во потточка 4.6. „Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата)“, во колона Предвидени средства износот „50.000,00“ се брише и се заменува со износот „80.000,00“.
- Се додава потточка 4.7.„Финансиски средства за ангажирани лица во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес (трансфер кон ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес)“ во колона Предвидени средства се внесува износот „350.000,00“.

- Во дел **Вкупно** во колона Предвидени средства износот „3.611.000,00“ се брише и се заменува со износот „4.311.000,00“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

О б р а з л о ж е н и е

Со оваа измена на програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2026 година се обезбедуваат дополнители финансиски средства во висина од 200.000,00 денари кои се наменуваат во потточка 1.1. „Еднократна парична помош на социјално загрозени семејства“.

Во програмата овие финансиски средства се наменети за граѓани кои имаат потреба од парична помош. Доставените барања од граѓани ги разгледува Комисија за доделување на средства од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита. Комисијата работи по Правилник за право на користење, начинот и висината на доделување на еднократна парична помош.

Комисијата заклучно до 08.10.2026 година има одржано девет седници на кои се разгледани 341 доставени барања, од физички лица и водејќи се од Правилникот за право на користење, начинот и висината на доделување на еднократна парична помош („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.01/23)), од кои комисијата за:

34 барања не ги исполнуваат условите согласно Правилникот за утврдување начин за доделување средства од буџетот на Општина Велес предвидени во програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.(известени со допис)

307 барања има констатирано дека се доставени уредно на образец – Барање за остварување на право на еднократна парична помош, со уредна документација од која може да се констатира потребата од помош, ги исполнуваат условите и се одобрени финансиски средства согласно правилникот.

Од вкупно 307 барања кои го остваруваат правото на парична помош 186 барања се од жени, 121 барања се од мажи. Правото за еднократна парична помош барателите го остваруваат по основ на:

- ✓ 10 барања се од корисници на ГМП
- ✓ 89 барања за лекување
- ✓ 56 барања за попреченост во физичкиот или менталниот развој
- ✓ 1 барања самохран родител
- ✓ 36 барања за постоперативна рехабилитација и набавка на соодветна медикаментозна терапија
- ✓ 115 барања од корисници на други права од социјалната заштита

Доделени се 1.793.000,00 денари, од предвидените 1.800.000,00 денари, во меѓувреме доставени се 20 барања, а имајќи предвид дека има уште два месеца до крајот на календарската година, се должи предлогот за оваа измена.

Во потточка 1.2.„Еднократна парична помош за новороденче“ се обезбедуваат дополнителни финансиски средства во висина од 120.000,00 денари.

Со Одлука на СОВ, Општина Велес доделува еднократна парична помош за секое новороденче во висина од 3.000,00 денари започнувајќи од 01.01.2023 година.

Доставените барања за остварување на правото за еднократна парична помош за новороденче, ги разгледува Комисија формирана од градоначалникот со Решение бр.08-186/1 од 11.01.2023 година.

Комисијата за тековна 2026 година, заклучно до 09.10.2026 година има одржано седум седници на кои се разгледани вкупно 148 пристигнати барања од физички лица и водејќи се од Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.22/22), од кои комисијата за:

148 барања има констатирано дека се доставени уредно на образец – Барање за остварување на право на еднократна парична помош за новороденче, со уредна

документација ги исполнуваат условите и се одобрени финансиски средства согласно правилникот, и тоа 69 барања за женски новороденчиња и 79 барања за машки новороденчиња.

Доделени се финансиски средства во висина од 496.617,00 денари од предвидените 500.000,00. Во меѓувреме има доставено 19 барања, а имајќи предвид дека има уште два месеца до крајот на календарската година, се должи предлогот за оваа измена.

За потточка 4.6. „Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка“, се обезбедуваат финансиски средства во висина од 30.000,00 денари.

Со оваа измена се додава потточка 4.7.„Финансиски средства за ангажирани лица во ОЈУ ДГ „Димче Мирчев“ Велес“ (трансфер кон ОЈУ ДГ „Димче Мирчев“ Велес) за времено ангажирање на лица во градинката со цел квалитетно згрижување и воспитување на деца на предучилишна возраст. Ова е во согласност со Барањето за обезбедување финансиски средства, согласност за спроведување постапка за ангажирање 7(седум) лица преку Агенција за привремени вработувања и насоки за детално постапување до ангажирани лица со арх.бр.11-4454/1 од 20.10.2026 година доставено од ОЈУДГ„Димче Мирчев“- Велес.

	СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА Активности на Општина Велес за 2026 година	
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
1	**СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА**	**2.881.000,00**
1.1.	Еднократна парична помош	2.000.000,00
1.2.	Еднократна парична помош за новороденче	620.000,00
1.3.	Поддршка на лица жртви на семејно насилство	111.000,00
1.4.	Поддршка на припадници на маргинализирани групи (лица лекувани од болести на зависности, бездомници, затвореници по издржување на казна-затвор и сл.)	150.000,00
2	**СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**	**200.000,00**
2.1.	Услуга помош и нега во домот – Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес	50.000,00
2.2.	Услуга лична асистенција – Општинска организација на Црвен крст – Велес	50.000,00
2.3.	Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица) – Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес	100.000,00
3	**ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО**	**350.000,00**
3.1.	Поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година	200.000,00
3.2.	Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства	50.000,00
3.3.	Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со попреченост	100.000,00
4	**СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И НВО**	**680.000,00**
4.1.	Одржување на донираното возило на МОБИЛНОСТ во возна состојба	50.000,00
4.2.	Поддршка на активности на Општинска Организација на Црвен крст Велес	50.000,00
4.3.	Поддршка на активности на Здружение на слепи лица – Велес	50.000,00
4.4.	Поддршка на активности на – Здружение на глуви и наглуви Велес	50.000,00
4.5.	Активности на Општински Совет за превенција на детско престапништво	50.000,00

4.6.	Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата)	80.000,00
4.7.	Финансиски средства за ангажирани лица во ОЈУ ДГ „Димче Мирчев“ Велес (трансфер кон ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес)	350.000,00
5	**Активности за Родова еднаквост**	**200.000,00**
5.1.	Кампања 16 дена активизам против родово базирано насилство – Организација на жени - Велес	50.000,00
5.2.	Поддршка на сервис за психосоцијална поддршка на лица-жртви на семејно насилство- Организација на жени - Велес	150.000,00
	ВКУПНО	**4.311.000,00**